| | |
|---|---|
| Предмет | **Геронтологија** |
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт |
| Код: | СФ-224 |
| Студиска година | Втора |
| Семестар | Четврт |
| Вкупно часови | 30 |
| Кредити | 2.5 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Исполнет услов за запишување во втора година |
| Изведува: | Катедра по интерна медицина, Катедра по неврологија, Катедра по психијатрија, Катедра по ортопедија |
| Одговорен наставник | Проф.д р- Јордан Чаловски, Проф. д-р Лилјана Илиевска,<br>Проф. д-р Весна Пејоска-Геразова, Проф. д-р Глигор Џолев |
| Адреса: | Катедра по интерна медицина, Водњанска 17, 1000 Скопје,<br>Тел. +389 2 3147 114 e-mail: jcalovski@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Студии за физиотерапевти, базични предмети, геронтологија |
| Учебни цели | • Здобивање со познавања за физиолошките, психолошки и социјални аспекти на староењето<br>• Совладување на теоретските и практични познавања на основните правила на здравствената нега на постари лица |
| Кратка содржина | **Теоретска настава (30 часа) :**<br>• Староење: дефиниција, демографија и животен век<br>• Физиолошки аспекти на староење<br>• Психолошки аспекти на староење<br>• Методи на проценка на физиолошки и ментални функции кај постари лица<br>• Организација и места за згрижување на постари лица<br>• Нарушувања и болести кај постари лица (деменција, делириум, депресија, падови, паркинсонизам, мозочен удар, хипотермија, малнутриција, опстипација, уринарна инконтиненција, бенигна простатична хиперплазија, инфекции, декубитални улцери, херпес зостер, диабетична хиперосмолална некетонична кома, хипогликемија, хипертензија кај возрасни, дегенеративен остеоартрит, остеопороза, фрактура на колк, лимфоми, хронична лимфатична леукемија, моноклонална гамапатија, карциноми на кожа и простата)<br>• Правила на употреба на лекови кај постари лица<br>• Цели и карактеристики на физиотерапевтските мерки кај постари лица<br><br>**Пракса (20 часа):**<br>Праксата е задолжителна и се изведува во геронтолошки установи под водство на ментор-професор и асистент. Студентот е должен да се вклучи во сите активности во текот на полно работно време. |
| Организација | **Теоретска настава:** 30 часа<br>**Пракса:** 20 часа |
| Методи на учење | Интерактивни предавања, пракса |
| Предвидени учебни резултати | **Знаење и разбирање:**<br>Студентот ќе се стекне со знаење и разбирање за најчестите здравствени проблеми на старите лица, како и за улогата на |

<table>
<tr><td></td><td>физиотерапевтот и другите членови на здравствениот тим во обезбедување на здравствената нега во тој домен.<br>Клучни вештинии:<br>Студентот ќе биде оспособен да ги применува во практиката здобиените теоретски знаења.</td></tr>
<tr><td>Специфични препораки за настава</td><td>Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењето за да добие потпис.<br><br>Бодирање на активностите на студентот:<br><br><table>
<tr><th>Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td>Теоретска настава*</td><td>7.5-15</td></tr>
<tr><td>Пракса**</td><td>5-10</td></tr>
<tr><td>Континуирана проверка</td><td>40-60</td></tr>
<tr><td>Практичен испит</td><td>7.5-15</td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td>60-100</td></tr>
</table><br>* присуство на теоретска настава:<br>51% - 60% - 7.5 бода;<br>61% - 70% - 9.5 бода;<br>71% - 80% - 12 бода;<br>81% - 90% - 13 бода;<br>91% -100% - 15 бода.<br><br>** успешност на праксата:<br>51% - 60% - 5 бода;<br>61% - 70% - 6 бода;<br>71% - 80% - 7 бода;<br>81% - 90% - 8 бода;<br>91% -100% - 10 бода.<br><br>Условувачки критериуми: Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската настава за да пристапи на континуираната проверка. Проверката е писмена. Практичниот дел на испитот се изведува по завршување на праксата и се состои во презентација на случај. Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги и континуираната проверка и практичниот дел од испитот. Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од континуираната проверка и практичниот испит, во спротивно, се јавува на комплетен завршен испит.<br><br>Комплетен завршен испит: Испитот е писмен и/или практичен. Се состои од континуираната проверка и/или практичниот дел на испитот на коишто студентот не освоил минимум бодови.</td></tr>
<tr><td>Учебни помагала</td><td>Основни:<br>• Авторизирани предавања од катедрите</td></tr>
</table>